**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА КОНСОЛИДИРАНИ ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

**За период Јануари - Септември 2022 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Септември 2022 оствари позитивен консолидиран финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех во износ од 75,5 милиони денари и е понизок за 3% од 2021 година.

Главните причини за послабиот резултат се:

- Пораст на трошоците за енергија за 203% во однос на минатата година како и раст на сите влезни цени за набавка на суровини и репроматеријали
- Појава на Африканска чума и неможност да извезуваме на некои наши пазари

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2022 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во консолидираните финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни консолидирани приходи од работењето во периодот Јануари-Септември 2022 година изнесуваат 4.009 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат зголемување од 13%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,9%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2021 година бележат зголемување од 13%.

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни консолидирани расходи во периодот Јануари-Септември 2022 година изнесуваат 3.931 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат зголемување од 15%.

**Инвестиции**

Вкупните консолидирани инвестиции во основни средства во периодот Јануари-

Септември 2022 година изнесуваат 64 милиони денари а во истиот период минатата година изнесувале 26 милиони денари. Инвестициите се главно во купено земјиште, производствена и транспортна опрема.
Во периодот Јан-Сеп 2022 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Вкупната консолидирана задолженост на 30.09.2022 година изнесува 238 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи намалување од 14%.

**Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Септември 2022 нема исплатено дивиденда

**Вработеност**

Просечниот број на вработени во Пекабеско АД за периодот Јануари-Септември 2022 изнесуваше 469 вработени, повеќе за 10 од минатата година

**Очекувања за престојниот период**

Ликвидноста на компаниите е задоволителна. Нема репрограмирање на обврските како спрема финансиските институции ниту спрема добавувачите во земјата и странство. Залихите со репроматеријали се поставени на соодветно ниво согласно економската ситуација во земјата и странство.
Очекувањата до крајот на годината се дека планираните приходи и добивката да бидат остварени во интервалот од 90% до 100%
Компаниите ги следат економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Пекабеско ад